Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Општина Зелениково-Градоначалник
Komuna e Zelenikovë-Kryetar
Бр.-Nr. 08 - 550/2
12.10 20 22 год.-viti
Зелениково/Zelenikovë

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

Врз основа на членот 50 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002) и Меморандумот за соработка број 08-550/1 од 04.10.2022 година и број 03-256/1 од 04.10.2022 година, склучен помеѓу Општина Зелениково и Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје, Градоначалникот на Општина Зелениково објавува

# ПОВИК

## за доделување на 15 стипендии за додипломски студии на жители на Општина Зелениково на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје за студиската 2022/2023 година

## 1. ВОВЕД

Општина Зелениково во соработка со Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје за студиската 2022/2023 година ќе додели 15 стипендии на редовни и вонредни студенти, запишани на додипломски студии на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

## 2. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

Право на учество на повикот има секој македонски државјанин кој е жител на Општина Зелениково, а не е корисник на стипендија од друга установа, институција или фирма.

За учество на повикот потребни се следните документи:

**(1)** Мотивациско писмо

**(2)** Копии од свидетелствата за прва, втора, трета и четврта година од средното образование/ диплома за завршено средно образование

**(3)** Уверение за македонско државјанство,

**(4)** Копија од лична карта,

**(5)** Изјава дека не е корисник на стипендија од друга установа, институција или фирма, и

**(6)** Изјава со согласност за користење на личните податоци и за веродостојност и точност на поднесените документи.

Општина Зелениково го задржува правото да побара дополнителни документи доколку е потребно.



ул.1, б□.2, Зелениково, тел.+389 2 717 238; факс. +389 2 717 238; E-mail: gradonacalnik@zelenikovo.gov.mk
www.zelenikovo.gov.mk

## 3. МЕСТО И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

Пријавата со потребните документи, кандидатите треба да ја достават заклучно со 19 октомври 2022 година, во затворен плик со назнака "За повик за додипломски студии на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје за студиската 2022/2023 година", по пошта на адреса: Општина Зелениково, улица "1" број 2, Зелениково - Скопје, или во архивата на Општина Зелениково секој работен ден.

## 4. ПОСЕБНИ УСЛОВИ

Изборот на стипендисти го врши комисија формирана со решение на Градоначалникот на Општина Зелениково.

Решенијата за избор на стипендисти ги потпишува Градоначалникот на Општина Зелениково.

Предност во доделување на стипендии имаат одлични ученици, ученици од социјално ранливи категории граѓани и ученици кои се деца без родители.

Избраните кандидати на кои ќе им се додели стипендија ќе бидат известени во рок од 3 дена од последниот ден за поднесување на документите.

Општина Зелениково ќе достави список до Универзитетот за избраните стипендисти,а сите формалности околу уписот и потребната документација за упис се обврска на стипендистите.

Нема да бидат разгледувани пријавите доставени после рокот, пријавите доставени по електронска пошта и некомплетните пријави.

Општина Зелениково напоменува дека тековните и административни трошоци не влегуваат во начинот на стипендирање.

Градоначалник

-------------------------

Коста Маневски

ул.1, б□.2, Зелениково, тел.+389 2 717 238; факс. +389 2 717 238; E-mail: gradonacalnik@zelenikovo.gov.mk
www.zelenikovo.gov.mk